**Д-р Гордан Калајџиев, редовен професор**[1]

**Д-р Воислав Стојановски**[2]

**М-р Андреј Божиновски**[3]

# АНАЛИЗА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНА ОДБРАНА ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

**1.01. Изворна научна статија**

**УДК: 343.121.4-058.38(497.7)**

## Апстракт

Ова истражување има за цел да ја претстави фактичката состојба и понуди решение за унапредување на системот на задолжителна одбрана со бранител и бранител по службена должност за сиромашните во Република Македонија, согласно одредбите од Законот за кривична постапка. Трудот се однесува на неколку клучни теми што се предмет на истражување, а тие се: назначување на бранители по службена должност, исплата на бранителите по службена должност и етаблирање на систем од мерливи критериуми за компетентноста на поставените бранители по службена должност. Секоја од овие теми е важна за реформата на целокупниот систем и за обезбедување гаранција на луѓето што се обвинети и на кои им е потребна правна поддршка.

**Клучни зборови: задолжителна одбрана, одбрана за сиромашни, кривична постапка**

## Вовед

Неминовен чинител во имплементацијата и примената на законот за кривична постапка, како и во сите останати процесни закони има одбраната која во изминатиот период се наметнува како значаен фактор во толкувањето на одредбите и насочувањето на другите правосудни чинители при примена на законските одредби. Донесувањето и примената на Законот за кривичната постапка придонесе за поактивно делување и на бранителите, во смисла на користење на новите можности за подготовка на одбраната предвидени со законот. Посебно беше присутно очекувањето дека со новиот концепт во практиката ќе се истакне улогата на бранителите ангажирани по службена должност и во случаи на одбрана за сиромашни. Меѓутоа овие области остануваат се уште предмет за дискусија и целосна законска измена со претпоставка за засилен проактивен однос од страна на Адвокатската комора во однос на: ажурирање на листите на бранители по службена должност, овозможување на транспрентен процес при назначување на адвокати по службена должност, доследна примена на Адвокатскиот тарифник при исплаќање на трошоците на бранителите

[1] Редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје; Претседател на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија.

[2] Правен советник во Хелсиншки комитет за човекови права на РМ.

[3] Правен соработник во Здружението за кривично право и криминологија на Македонија.

назначени по службена должност, етаблирање на мерливи критериуми за компетентноста на поставениот бранител по службена должност и изнаоѓање на решенија и критериуми преку целосно ревидирање на законските одредби за одбрана на сиромашни. Во таа насока, треба да се разгледа можноста за формирање економичен систем на јавни адвокати, како и афирмација на pro bono одбраната во кривичната постапка.

Ова истражување има за цел да ја претстави фактичката состојба и понуди решение за унапредување на системот на задолжителна одбрана со бранител и бранител по службена должност за сиромашните во Република Македонија, согласно одредбите од Законот за кривична постапка. Трудот се однесува на неколку клучни теми што се предмет на истражување, а тие се: назначување на бранители по службена должност, исплата на бранителите по службена должност и етаблирање на систем од мерливи критериуми за компетентноста на поставените бранители по службена должност. Секоја од овие теми е важна за реформата на целокупниот систем и за обезбедување гаранција на луѓето што се обвинети и на кои им е потребна правна поддршка.[4] Резултатите од ова истражување на застапувањето во кривичната одбрана, покажаа дека обвинетите на кои им е доделен бранител по службена должност или врз основа на сиромашно право, се соочуваат со сериозен предизвик при обезбедувањето на квалитет во пристапот до правдата. Во согласност со препораките на оваа анализа, неопходно е да се идентификуваат најважните прашања што влијаат на воспоставувањето и функционирањето на транспарентен систем на одбрана по службена должност - особено во областите на назначување на бранител по службена должност, определување и исплата на надомест на вклучените адвокати, етаблирање на систем на мерливи критериуми за потребни компетенции за адвокатите да можат да обезбедат ефективна одбрана на обвинетите и можности за поставување на алтернативни модели во одбраната по службена должност. На нормативен план, согласно одредбите од чл. 74 и 75 се обезбедува правна помош на сите лица обвинети за одредени кривични дела, кои не се во можност да платат адвокат.[5]

Сепак, добиените резултати од покажуваат дека обвинетите се соочуваат со сериозни проблеми при обезбедување соодветен пристап до правда, особено во случаи на одбрана за сиромашни. Како најбитни проблеми при обезбедување соодветна одбрана по службена должност се посочуваат: 1) недостатокот на транспарентност при назначување на адвокати по службена Должност; 2) несоодветен надомест на назначените адвокати и 3) компетентноста на назначените бранители по службена должност при обезбедувањето на квалитетна одбрана на обвинетите.[6] Основната претпоставка на ова истражување е дека постојат определени проблеми и можности за унапредување во функционирањето на системот на одбрана по службена должност и одбрана за сиромашни што значително ја нарушуваат ефикасноста, што понатаму влијае врз обезбедувањето на ефективна одбрана на обвинетите во кривични постапки.

## 1. *Правна рамка*

Правото на бранител претставува едно од основните права на обвинетиот во кривичната постапка во нашиот правен систем. Меѓутоа резултатите од претходните истражувања покажуваат дека практичното користење на ова право има сериозни проблеми и недостатоци. Од јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права, извештаите на Комитетот за спречување на тортура и од бројните компаративни студии битката правото на бранител да биде реално и ефикасно, а не само теоретско претставува глобален проблем. Како резултат на овие напори донесена

[4] Г. **КАЛАЏИЕВ., Б. МИСОСКИ., Д. ИЛИЌ,, А. БОЖИНОВСКИ.**, *Ефективна одбрана во кривичните постапки во Република Македонија Македонија,* Фондација отворено општество Македонија (2014 година).

[5] **Закон за кривична постапка**, *„Службен весник на РМ“* бр. 150/2010

е најновата европска директива за пристап на осомничените до бранител од најраната фаза на кривичната постапка сфатено во материјална смисла па се до завршување на казнената постапка, вклучително и постапката по поднесен вонредни правени лекови.[7] Целта на оваа директива е да воспостави инимални процедурални стандарди кои би се применувале во различните казнени постапки на земјите членки на ЕУ.[8] Согласно тоа, оваа директива го толку поимот на „обвинето лице“ во широка смисла, што претставува натамошна гаранција за обезбедување на процедуралните права на осомничениот и во предистражната постапка. Со новиот ЗКП, правото на задолжителна одбрана е предвидено во членовите 74 „Задолжителна одбрана со бранител и бранител по службена должност“ и 75 „Одбрана за сиромашни“. ЗКП исто така се воведе акузаторен модел на кривична постапка според кој товарот на докажување во целост преминува врз страните во постапката, а судијата ќе има пасивна улога, со цел да остане непристрастен. Една од главните грижи во овој модел е тоа што обвинетиот може да нема адекватен пристап до средства или експертско знаење.[9]

### 1.1. *Одбрана по службена должност*

Институтот задолжителна одбрана се разликува од одбраната за сиромашни, но бидејќи тоа се единствените случаи каде сиромашните добиваат бранител „по службена должност“, во јавноста постои конфузија меѓу овие два института. Нашиот ЗКП предвидува задолжителна одбрана со адвокат како бранител во ситуации каде поради тежината на обвинението или поради некаков друг очигледен хендикеп, обвинетиот нема да може успешно да се брани самиот.[10] Во такви случаи, обвинетиот (или неговото семејство и сл.) може самиот да ангажира бранител по сопствен избор, но доколку не го стори тоа, судот ќе му постави бранител по службена должност. Тука треба да се напомени дека изразот „по службена должност“ е погрешен бидејќи не се работи за некакви јавни бранители кои тоа би го работеле како државни службеници (Public Defenders), туку за приватни адвокати кои државата ги ангажира во определени ситуации, а нивните услуги се надоместуваат од Буџетот.[11] Друго отворено прашање е кој ќе го плати бранителот. Државата ја презема обврската однапред да плати за овие бранители, но овие трошоци, по правило, сепак, паѓаат на товар на осудениот на крајот на постапката, освен во случаи ако обвинетиот не го убеди судот дека плаќањето на овие трошоци ќе ја загрози неговата издршка или издршката на неговото семејство. Според законот, трошоците за постапката и „нужните издатоци“ на назначениот бранител треба да се исплатат однапред од средствата на органот што ја води кривичната постапка, а подоцна може да се наплатат од лицата кои според Законот, се должни да ги надоместат. Според резултатите на ова истражување, во практиката, трошоците најчесто се исплаќаат од судскиот буџет, најчесто, со задоцнување од една година и повеќе, а нема достапни податоци за тоа колку од овие трошоци државата подоцна успеала да ги наплати од

---

[7] Ibid. За понатамошно читање види исто: **CAPE, E. / HODGSON, J. / PRAKKEN, T. / SPRONKEN, T**. Suspects in Europe, Antwerp: Intersentia, 2007; **CAPE, E. / NAMORADZE, Z. / SMITH, R. / SPRONKEN, T**. Effective Criminal Defence in Europe, Antwerp: Intersentia, 2010;

[8] Directive 2013/48/EU of the European Parliament and of the Council of 22 October 2013 on the right of access to a lawyer in criminal proceedings and in European arrest warrant proceedings, and on the right to have a third party informed upon deprivation of liberty and to communicate with third persons and with consular authorities while deprived of liberty http://db.eurocrim.org/db/en/vorgang/272/. За **натамошно читање види:** Proposal for a Directive of the European Parliament and of the Council on the right of access to a lawyer in criminal proceedings and on the right to communicate upon arrest, Brussels, 08.06.2011,COM (2011) http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/? uri=CELEX:52011PC0326&from=EN

[9] Ibid

[10] Г.**КАЛАЈЏИЕВ.,** Правична постапка, докторска дисертација, Правен факултет Скопје, 2004;

[11] **G.KALAJDZIEV,** The Right to a Defence Attorney According to the New Code on Criminal Procedure – Challenges and Risks, in: Pro Bono Legal Aid, CEU, Tetovo, 2011; **Види исто кај**: **HODGSON, J.** Safeguarding Suspects’ Rights in Europe: A Comparative Perspective, New Criminal Law Review 14 (4), 2011;

обвинетиот.[12] Стандардите за меѓународните човекови права се инкорпорирани во новиот ЗКП и останатите закони што се однесуваат на оваа материја. Резултатите од претходните истражувања покажуваат дека домашните адвокати не се доволно добро запознаени со одредбите од Европската конвенција за човекови права, ниту пак со директивите и останатите регулативи и стандарди на Европската унија. Европските директиви што се однесуваат на правата на осомничените особено не се познати на општата јавност.[13] Со ЗКП е предвидена задолжителна одбрана во судската фаза на постапката, но не и во полициската постапка или постапката пред јавниот обвинител.

Според член 74 од ЗКП, ако обвинетиот е нем, глув или неспособен самиот успешно да се брани или ако против него се води кривична постапка за кривично дело за кое во законот е пропишана казна доживотен затвор, тој мора да има бранител уште при првото испитување (се мисли на првото испитување пред судот). За разлика од полицијата, во практиката јавното обвинителство ретко ги испитува осомничениот и сведоците пред да одлучи дали ќе бара поведување формална истрага поради тоа што обвинителството нема соодветни услови, во смисла на простории, дактилографи и сл. Понатаму неспособноста на лицето да се брани е фактичко прашање кое е оставено на оцена на судот. Теоријата и практика немаат јасен одговор за тоа кога лицето не е способно самото да се брани до таа мера да мора да има бранител. Обично во практиката се смета дека лицето е неспособно самото да се брани во случаи на ниско ниво на интелигенција и неукост, но во практиката, главната грижа е да не застари предметот.[14]
Според новиот концепт на одбрана задолжително е обвинетиот да има бранител ако против него е определена мерка *притвор* за времетраење на притворот. Интенцијата на законот е јасна и се однесува на можноста на обвинетиот да подготви квалитетна одбрана, а во тоа е спречен доколку се наоѓа во притвор. Но и овде не треба да се заборави дека обвинетиот претходно, најчесто, веќе бил испрашан од полицијата и од обвинителството. Понатаму по подигнатиот обвинителен акт поради кривично дело за кое со закон е пропишана *казна затвор од десет години* или потешка казна затвор, обвинетиот мора да има бранител во времето на доставувањето на обвинителниот акт.[15] Обвинетиот на кого му се суди во *отсуство* мора да има бранител штом ќе се донесе решение за судење во отсуство. Судењето во отсуство според ЗКП е исклучок и се допушта како нужно зло само ако за тоа има особено оправдани причини (чл. 365 ст. 3 ЗКП), за да се спречи губење на доказите, застареност на можноста за гонење и слично. Сепак, согласно практиката установена под ЕКЧП, можноста за судење во отсуство од ЗКП нема да претставува проблем особено од причини што во овие случаи се предвидуваат бараните гаранции, а првенствено *обезбедување бранител* (чл. 74 ст.5 ЗКП), како и предвидување *можност за повторување на постапката* доколку обвинетиот и неговиот бранител поднесат барање во рок од една година од денот кога осудениот сознал за пресудата со која е осуден во отсуство (чл. 456 ст. 1 ЗКП). Од аспект на јуриспруденцијата на ЕКЧП може да биде проблематична можноста за

---

[12] Г. **КАЛАЈЏИЕВ., Б. МИСОСКИ., Д. ИЛИЌ,, А. БОЖИНОВСКИ.** *Ефективна одбрана во кривичните постапки во Република Македонија Македонија,* Фондација отворено општество Македонија (2014 година).

[13] Proposal for a Directive of the European Parliament and of the Council on the right of access to a lawyer in criminal proceedings and on the right to communicate upon arrest, Brussels, 08.06.2011,COM (2011) http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/? uri=CELEX:52011PC0326&from=EN. Види исто: Directive 2010/64/EU of the European Parliament and the Council of 20 October 2010 on the right to interpretation and translation in criminal proceedings http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:L:2010:280:0001:0007:en:PDF

[14] **Види** *Supra нота* 12.

[15] **БУ ЖАРОВСКА , Г**. и др. Притвор пред судењето, Национална пракса и меѓународни стандарди, ОБСЕ, Скопје, 2008 год.; види исто: **TRECHEL, S**. Human Rights in Criminal Proceedings, Oxford University Press, 2005.

судење во отсуство во скратената постапка од чл. 479 ЗКП. Исто така во ст. 4 од чл. 74, ЗКП предвидува задолжителна одбрана на обвинетиот во постапката за *спогодување*. Меѓутоа ставот 4 ове наложува дека обвинетиот мора да има бранител во текот на постапката за преговарање и спогодување со бранителот, но од дрга страна не определува јасно кога точно започнува оваа постапка.

### *1.2. Одбрана за сиромашни*

Другата многу поретка можност сиромашните бесплатно да добијат бранител е во случаи кога не постојат услови за задолжителна одбрана од членот 74 од ЗКП, но постапката се води за кривично дело за кое со закон е пропишана казна затвор. Во овие случаи, судот може, на барање на обвинетиот, да му постави бранител на трошок на државата доколку, врз основа на неговата имотна состојба, тој не може да ги поднесе трошоците за одбраната, а „интересите на правдата“ бараат овие граѓани да добијат бранител.[16] Битно е да се напомени дека барањето за назначување бранител на обвинетиот по основ на сиромаштија, беше порестрективно бидејќи бранител можеше да се постави само за потешки кривични дела за кои беше предвидена казна затвор на една година и тоа само по подигнат обвинител акт. Претседателот на советот и натаму одлучува по барањето, а бранителот го назначува претседателот на судот. Ваквото нормативно решение очигледно е некритички преземено од стариот закон, со доминантна улога на судот уште во претходната постапка, што не одговара на новиот модел и е крајно непрактично, поради што, сигурно негативно ќе се одрази врз правото на пристап до бранител и затоа, мора итно да се ревидира.[17]

***Во однос на критериумите за доделување бранител за сиромашни,*** Законот за кривична постапка прво ја внесе фразата „интерес на правдата“[18], а потоа се спушти и границата на предвидената казна, за да направи чекор понатаму во усогласување со јуриспруденцијата на Судот од Стразбур.Во практиката на Европскиот суд за човекови права се споменуваат три критериуми кои ги прецизираат „интересите на правдата“, а некои од нив сега се експлицитно преземени во член 70 од новиот ЗКП. Првиот критериум од кој поаѓа судот се ***сериозноста*** *на престапот и строгоста на предвидената казна*, па во таа смисла, треба да се имаат предвид максималната можна казна и реално очекуваната санкција во конкретниот случај.
Иако судот, по правило, се држи до конкретните околности на дадениот случај, се чини дека во некои негови пресуди во врска со ова прашање, повеќе ја зема предвид максималната пропишана казна, што со право се критикува во литературата. Следниот критериум е ***комплексноста*** на конкретниот случај. Може да се работи за комплексност и на фактички и на правни прашања, но правните прашања почесто се јавуваат како причина да се смета дека обвинетиот нема да може успешно да се брани без бранител. [19]
Третиот критериум е ***сиромаштијата*** – со тоа што Законот обезбедува ваква помош за сиромашните во порана фаза од постапката (чл. 75 ст. 1 од новиот ЗКП).
Во врска со ***финансиската состојба*** на лицата кои се квалификуваат за бесплатна правна помош во кривичните предмети, треба да се напомени дека истите не се јасно дефинирани, па оттука и различната практика кај домашните судови. За разлика од Законот за бесплатна правна помош кој се применува во граѓанските и во другите постапки, во судската практика нема дефинирани прецизни критериуми за финансиската состојба за лицата

---

[16] Г., **КАЛАЈЏИЕВ.,** Право на сиромашните на бранител, Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2013.
[17] Ibid
[18] Подетално види кај: **HODGSON, J.** Safeguarding Suspects’ Rights in Europe: A Comparative Perspective, New Criminal Law Review 14 (4), 2011;
[19] D., **KRAPAC**. Kazneno procesno pravo, II izdanje, Narodne novine,Zagreb, 2003;

кои се квалификуваат за бесплатна правна помош во кривичните постапки. Според резултатите од исражувањето „Ефективна одбрана во кривичната постапка" беше утврдено дека сиромаштијата во практиката се утврдува со приложување на документи дека лицето не е вработено и дека нема други примања или имот односно дека е корисник на некоја форма на социјална помош, дека е пријавено како невработено или документи од Управата за приходи, Катастар и сл. Докажувањето на имотната и на финансиската состојба најчесто се врши врз основа на уверение од Управата за јавни приходи за имотната состојба на обвинетиот, уверение кое УЈП го издава на барање на обвинетиот. За оваа намена, во Управата постојат посебен формулар за барање и соодветно уверение.

Стариот Закон за кривична постапка не предвидуваше право обвинетиот да може да избира бранител доколку бара судот да го постави и плати, ниту, пак, сосема ја исклучуваше таа можност. Одребите на новиот ЗКП даваат можност обвинетиот да *посочи* определен адвокат за бранител од листата на адвокати на локалната адвокатска заедница (чл. 75 ст. 1 од ЗКП). Ваквиот речник кажува дека обвинетиот нема изречно право самиот да избере адвокат, но сепак, го задолжува судот да ја земе предвид неговата волја.

Резултатите од ова истражување укажуваат дека во судовите во Македонија – постојат различни хибридни решенија за доделување на бранители и во случаи на задолжителна одбрана и во случаи на одбрана на сиромашни. Во судовите нема некаква листа на адвокати која би се користела во кривичните предмети, туку се користи општата листа од Адвокатската комора или Адвокатската заедница на подрачјето на судот. Судовите ја користат листата на адвокати од подрачјето на судот.[20] Тоа е именик кој го има секој судија, и нема посебни правила кој адвокат ќе се ангажира што дополнително укажува дека не постои транспаретност во ангажирањето на бранител во случаи на задолжителна одбрана и во случај на одбрана за сиромашни. Треба да се направат напори определувањето на адвокатите да биде според однапред утврдени правила и транспарентно, по случаен избор, за да се избегне судиите да ангажираат адвокати кои ги познаваат лично за да им направат услуга или за да си обезбедат сојузник кој нема да ја „опструира" постапката, да не се жали и сл. Парите за одбрана на сиромашни (надвор од случаите каде одбраната е задолжителна) се доделуваат од средствата од Буџетот на РМ за ставката на судскиот буџет, како дел од државниот буџет, при што се цени имотната состојба во времето кога се одлучува за барањето, независно дали обвинетиот ќе биде осуден или имотната состојба ќе му се подобри и слично.[21] Иако би требало да се исплаќаат согласно тарифата на АК, адвокатите ангажирани по службена должност по правило се исплаќаат на помали суми, што дополнително се одразува врз квалитетот на одбраната.[22] Законот за адвокатура и Кодексот за адвокатска етика бараат совесен и стручен однос на адвокатите. Затоа потребно е етаблирање на механизам за контрола на квалитетот на одбраната во случаите на задолжителна одбрана со внатрешен правилник или некој друг пишан акт. Одредбите од ЗКП само општо укажуваат дека претседателот на судот, на барање од обвинетиот или со негова согласност, може да го разреши назначениот бранител, ако неуредно или несовесно си ја врши должноста, и на негово место да назначи друг бранител. За разрешувањето на бранителот се известува и Адвокатската комора (чл. 77 ст. 4 од ЗКП).

## 2. Приказ на добиените податоци од судовите

### *2.1. Методолошка поставеност на истражувањето*

---

[20] Г., **КАЛАЈЏИЕВ, В., СТОЈАНОВСКИ.,** *Подобрување на заштитата на правата на обвинетите во Македонија – документ за јавна политика,* Хелсиншки комитет за човекови права на РМ, 2016.

[21] Ibid.

[22] **Закон за адвокатура**, *„Службен весник на РМ"* бр. 59/2002,60/2006, 29/2007, 106/2008, 135/11 и 113/2012

За исполнување на целите на ова истражување, тимот пристапи кон собирање на податоци поврзани со правото на бесплатен бранител по службена должност кога обвинетиот е сиромашен, односно кога тоа го бараат интересите на правдата и задолжителна одбрана со бранител. За таа цел, беше испратено барање за пристап до информации од јавен карактер. Барањето беше испратено до сите судови од општа и проширана надлежност од четирите апелациски подрачја за прибирање на податоци од ACCMIS системот, каде беа наведени најважните прашања што влијаат врз воспоставувањето и финкционирањето на транспарентен систем на одбрана по службена должност – особено во областите на назначување на бранител по службена должност, определување и исплата на надомест на вклучените адвокати, потребни компетенции за адвокатите да можат да обезбедат ефективна одбрана на обвинетите и можности за поставување на алтернативен модел во одбраната по службена должност. Во однос на првото испратено барање за пристап до информации од јавен карактер, вкупно 25 судови доставија повратен одговор на сите прашања при што податоците што беа собрани се обработени во трудот, поделени за сите судови според апелационото подрачје. Битно е да се напомени дека ОС Охрид, достави пишан одговор упатувајќи за оваа информација да се побара преку Судски совет на РМ, што е невообичаено со оглед на тоа дека авторите бараат информација од ACCMIS системот на судот. Судот од Св. Николе не достави никаков одговор на бараните прашања, а судот во Кратово даде само делумни одговори на дел од прашањата. Авторскиот тим срдечно се заблагодарува на сите судови кои ги доставија бараните инфромации за оваа анализа.

### *2.2. Анализа на резултати од Апелациско подрачје – Скопје*

Од резултатите од апелациското подрачје – Скопје, беа анализирани добиените податоци од основните судови во Скопје, Гевгелија, Кавадарци, Кратово, Крива Паланка, Неготино, Куманово и Велес.
Во табела 1 се претставени обработени податоци од прашањата 1,2,4,5,6 од барањето за пристап до информации од јавен карактер.

| **Анализа на собраните податоци од АП – Скопје** |
|---|

| Основен суд | I. На кој начин, под кои услови и преку каква постапка Судот поставува бранители по службена должност, односно бранители кога одбраната е задолжителна? | II. Дали Судот овозможува избор на адвокат за бранител од листата на адвокати од адвокатска заедница и од која, или адвокатите се поставуваат од листа на адвокати која ја составува и ажурира Судот или друг правосуден орган? | IV. Врз основа на кој тарифник, внатрешен правилник или друг правен акт се врши исплаќањето од Буџетот на РМ на бранителите поставени по службена должност? | V. Дали надоместокот за бранителите поставени по службена должност се исплатува редовно и навремено? Доколку исплатата е со задоцнување, кој е просечниот период по кој бранителите поставени по службена должност го добиваат надоместокот? | VI. Дали во Судот постои пишан акт или судска пракса врз основа на кои се врши проверка на компетентноста на поставениот бранител? Доколку постои, кои се правилата за замена на бранител за кој Судот утврдил дека е некомпетентен? |
|---|---|---|---|---|---|
| **Скопје** | Адвокати по службена должност се поставуваат од страна на претседателот на судот. | Судот во 2013 година достави јавен повик до сите адвокати со седиште во Скопје регистрирани од АКРМ да поднесат барање да бидат поставени како бранители по службена должност. Листата на адвокати по службена должност се води при судот и се ажурира редовно. | Надоместокот на бранителите поставени по службена должност го определува судот со посебно решение. При пресметка судот ја зема во предвид Адвокатската тарифа утврдена од АКРМ и тежината на кривичното дело Ова прашање останува предмет на дополнително уредување и прецизирање. | Надоместокот на бранителите поставени по службена должност се исплаќа редовно и без задоцнување. | Во судот не постои пишан акт или правнилник врз основа на кој се врши проверка на компететноста на поставениот бранител. |
| **Гевгелија** | Адвокати по службена должност се поставуваат од страна на претседателот на судот. | Судот води евиденција за адвокати поставени по службена должност, а евиденијата се ажурира врз основа на списокот на адвокати кои се назначени од АКРМ за подрачјето на | При исплатата на бранителите назначени по службена должност судот го зема во предвид адвокатскиот тарифник, а праксата на овој суд предвидува 2000 денари за секое процесно превземено | Надоместокот за бранители поставени по службена должност се исплатува редовно и навремено. | Во судот не постои пишан акт или правнилник врз основа на кој се врши проверка на компететноста на поставениот бранител. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | ОС Гевгелија. | дејствие. | | |
| **Кавадарци** | Адвокати по службена должност се поставуваат од страна на претседателот на судот. | Адвокатите по службена должност се определуваат од Листата на адвокати запишани во АКРМ, а кои се водат со седиште во Кавадарци. Согласно Судскиот деловник – судот води евиденција за листата на адвокати. | При плаќањето на бранителите поставени по службена должност, ОС Кавадарци одлучува врз основа на Адвокатскиот тарифник и по претходно поднесено барање за трошоците на постапката од бранителот. | Исплатата на надоместокот за бранителите по службена должност, се исплаќа редовно и навремено, најдоцна во рок од 30 дена за исплата на средствата по основ одбрана по службена должност. | Во судот не постои пишан акт или правилник врз основа на кој се врши проверка на компететноста на поставениот бранител. |
| **Кратово** | Адвокати по службена должност се поставуваат од страна на претседателот на судот. | Судот води своја листа на пријавени адвокати по службена должност. | Судот нема доставено информации | Надоместокот за бранители поставени по службена должност се исплаќа редовно и навремено. | Во судот не постои пишан акт или правилник врз основа на кој се врши проверка на компететноста на поставениот бранител. |
| **Крива Паланка** | Адвокати по службена должност се поставуваат од страна на претседателот на судот. | Адвокатите по службена должност се определуваат преку листата на бранители по службена должност доставена до судот преку АКРМ. | Пресметка и исплаќање а трошоците на бранителите по службена должност се врши согласно Адвокатската тарифа. | Исплатата на надоместокот на бранителите по службена должност се врши редовно по претходно доставена фактура од бранителот. | Во судот не постои пишан акт или правилник врз основа на кој се врши проверка на компететноста на поставениот бранител. |
| **Неготино** | Адвокати по службена должност се поставуваат од страна на претседателот на | Судот води своја листа на адвокати по службена должност, која се ажурира еднаш годишно. | Надоместокот на ангажираните адвокати по службена должност изнесува 2000 денари по рочиште. | Надоместокот за ангажираните адвокати по службена должност се исплатува навремено и редовно. | Во судот не постои пишан акт или правилник врз основа на кој се врши проверка на компететноста на поставениот бранител. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | судот. | | | | |
| **Куманово** | Адвокати по службена должност се поставуваат од страна на претседателот на судот. | До судот нема доставено листа на адвокати по службена должност од АКРМ, а адвокатите по службена должност се избираат од листата на адвокати што ја води и годишно ажурира судот. | Исплата се врши според Адвокатската тарифа, во помали износи со претходен интерен договор помеѓу судиите во одделот. | Надоместокот за бранителите поставени по службена должнот не се исплатува редовно и навремено, а просечен период на задоцнување на исплата е 1-2 години. | Во судот не постои пишан акт или правнилник врз основа на кој се врши проверка на компететноста на поставениот бранител. |
| **Велес** | Адвокати по службена должност се поставуваат од страна на претседателот на судот. | Бранителот по службена должност се определува од листа на запишани адвокати при АКРМ за подрачјето на ОС Велес, која се ажурира од страна на судот. | Исплатата на адвокатите назначени по службена должност се врши согласно адвокатскиот тарифник. | Во текот на 2015 година исплатата на адвокатите назначени по службена должност се вршеше навремено и редовно. | Во судот не постои пишан акт или правнилник врз основа на кој се врши проверка на компететноста на поставениот бранител. |

Дадените одговори на судовите од апелациското подрачје - Скопје, во однос на прашањата бр. 1 и 6 упатуваат дека во сите судови, адвокатите за одбрана по службена должност се поставуваат од страна на претседателот на судот и дека во сите судови не пости пишан акт ниту внатрешен правилник за оценување на квалитетот на одбраната на поставениот бранител по службена должност. Понатаму резултатите укажуваат дека во овие судови нема унифициран систем во кој би се регистрирале законските застапници, па така секој суд има сопствена листа на што е составена по различна основа. **ОС Скопје**, бранители по службена должност се поставуваат од листата што ја води судот. Во месец септември достави јавен повик до сите адвокати регистрирани во Адвокатската комора на РМ, да поднесат посебно барање до судот, за со цел бидат регистрирани како бранители по службена должност. Листата за бранители по службена должност ја води судот и истата се ажурира на дневна основа. Во 2014 година Адвокатската комора на РМ, достави до судот список со пријавени адвокати кои сакаат да бидат ангажирани како бранители по службена должност, кои веднаш беа ставени и заведени во листата што се води во судот. Надоместокот за одбрана по службена должност се пресметува согласно Адвокатската тарифа и тежината на кривичното дело, односно предвидената казна која може да се изрече. Ова прашања останува предмет на понатаошно уредување и допрецизирање. Во однос на исплатата на надоместоокот, истиот се исплатува редовно и без задоцнување, иако резултатите од претходните истражува укажуваат дека тој се исплаќа со големо задоцнување. На подрачјето на **ОС Гевгелија**, судот води евиденција за адвокати поставени по службена должност. Листата на адвокати се ажурира согласно именикот на адвокати со седиште на подрачјето на судот, а адвокатите доколку сакаат да бидат запишани по овој основ, мораат да поднесат посебно барање до судот. Судот при пресметката на

надоместокот за адвокатите поставени по основ на одбрана по службена должност, го зема во предвид Адвокатскиот тарифник и посебната изјава на адвокатите – каде се изјаснуваат дека во однос на пресметката на надоместокот, оставаат судот да одлучи, имајќи го во предвид фактот да не се оштети Буџетот на РМ. За сите предмети во кои е поставен бранител по службена должност, практиката укажува дека надоместокот е во висина од 2000 денари за секое преземено преоцесно дејствие. Надоместокот се исплатува редовно и навремено, најдоцна во рок од 30 дена. На подрачјето на **ОС Кавадарци**, адвокатите по основ на одбрана по службена должност се поставуваат од листата на адвокати, која се води во судот и во која се запишани сите адвокати со седиште на подрачјето на судот. При плаќањето на надоместокот за одрбана по службена должност, судот одлучува врз основа на Адвокатскиот тарифник и по претходно поднесено барање за трошоците на постапката од бранителот. Исплатата на бранителите по службена должност се исплаќа редовно и навремено. На подрачјето на **ОС Кратово**, судот води своја листа на адвокати со седиште на подрачјето на овој суд. Судот нема доставено податоци во однос на пресметувањето на исплатата за бранителите по службена должност, само укажува на тоа дека истата се врши навремено и редовно. На подрачјето на судот во Крива Паланка, претседателот на судот, адвокатите ги поставува од Листата на бранители по службена должност, доставена од Адвокатската комора на РМ од јуни 2014 година. При пресметката и испплаќање на трошоците за бранителите за одбрана по службена должност се засметува врз основа на Адвокатскиот тарифник и исплатата се врши редовно и навремено по поднесена фактура од страна на бранителот. **ОС Неготино** избира адвокат за одбрана по службена должност од листата на адвокати доставена до судот од страна на Адвокатката заедница – Неготино. Листата на адвокати се ажурира еднаш годишно, а во однос на надоместокот за одбрана по службена должност изнесува фиксен износ од 2000 денари по рочиште. Надоместокот се исплатува редовно и навремено, а во рок од 30 дена од денот кога е поставен бранителот по службена должност. На подрачјето на **ОС Куманово**, бранителите по службена должност се поставуваат од страна на претседателот на судот, во случаите на задолжителна одбрана. До судот нема доставено листа на адвокати по службена должност од страна на Адвокатската комора на РМ, па соодветно адвокатите за одбрана по службена должност се избираат од регистарот на адвокати со седиште на подрачјето на судот. Пресметката на надоместокот за одбраната по службена должност, таа се врши врз основа на Адвокатскиот тарифник, а исплатата се врши во помали износи од предвидените во АТ, по претходен интерен договор помеѓу судиите од одделот. Надоместокот на адвокатите по службена должност не се исплаќа редовно и навремено, а просечен период за кој бранителите поставени по службена должност го добиваат надоместокот е во просек од 1 до 2 години. На подрачјето во судот во **Велес**, бранителите по службена должност се определуваат од страна на претседателот на судот од листата на адвокати со седиште на подрачјето на судот. Исплатата на средствата за задолжителна одбрана се пресметуваат по основ на Адвокатката тарифа, а исплатата за 2015 година беше редовна и навремена.

Резултатите на прашањето 3 од прашалникот, а во врска со бројот на адвокати што се запишани на листата, колку од нив биле ангажирани во текот на 2015г., во колку предмети биле ангажирани и колку биле ангажирани кога одбраната била задолжителна, а колку затоа што обвинетиот бил сиромашен, се дадени во графикон 1 подолу.




*ОС Кратово не достави податоци во врска со бројот на запишани адвокати по службена должност.

Согласно добиените податоци во 2015 година, во **ОС Скопје 1** се запишани на листата на бранители по службена должност за 2015 година, вкупно 232 адвокати. Од овие бранители во текот на 2015 година биле ангажирани вкупно 200 адвокати во вкупно 990 предмети. Сите адвокати биле ангажирани врз основа на задолжителна одбрана, ниту еден бил ангажиран врз основа на сиромашко право. Во **ОС Гевгелија** на листата на адвокати по службена должност се запишани вкупно 33 адвокати, а во 2015 година, биле ангажирани вкупно 14 адвокати во 13 предмети. Ниту во овој суд, нема ангажирано бранител врз основа на одбрана за сиромашни. На подрачјето на **ОС Кавадарци**, вкупно адвокати по службена должност има запишано 47, а од нив по основ задолжителна одбрана (чл.74 ЗКП) биле ангажирани во 7 предмети. Ниту еден бранител не е ангажиран по основ на сиромашко право. **ОС Кратово**, не испрати повратен одговор во однос на ова прашање, при што нема конкретни податоци за бројот на запишани бранители по службена должност. На подрачјето на **ОС Крива Паланка**, како адвокати по службена должност има запишано вкупно 4 адвокати од кои во 2015 година биле ангажирани во вкупно 7 предмети. Ниту еден адвокат не бил ангажиран по основ на сиромашко право. Во **судот во Велес**, има вкупно запишано 65 адвокати по службена должност. Во текот на 2015 година биле ангажирани вкупно 59 адвокати по основ на чл. 74 ЗКП, а останатите 6 изјавиле дека не сакаат да бидат ангажирани како адвокати по службена должност. Во ниту еден случај адвокатите по службена должност биле ангажирани по основ на сиромашко право (чл. 75 ЗКП). На подрачјето на ОС Неготино на листата за бранители по службена должност се запишани вкупно 20 адвокати , а од нив во текот на 2015 година само 5 адвокати биле ангажирани по службена должност во 5 предмети,

а по основ на задолжителна одбрана од чл. 74 ЗКП. Ниту еден бранител не е ангажиран врз основ на сироашко право. На подрачјето на ОС Куманово има вкупно 83 запишани адвокати за одбрана по службена должност со седиште на подрачјето на судот. Од нив 31 бранител бил назначен во вкупно 96 предмети, како бранител по службена должност по основ задолжителна одбрана од чл. 74 ЗКП. Ниту еден бранител не е назначен по основ на одбрана за сиромашни.

## 2.3. Анализа на резултатите од Апелациското подрачје - Битола

Од апелациското подрачје – Битола, беа анализирани добиените податоци од основните судови во Битола, Крушево, Ресен, Прилеп, Охрид и Струга.
Во табалата сумарно се прикажени обаботените податоци од прашањата 1,2,4,5,6 од барањето за пристап до информации од јавен карактер.

| Анализа на собраните податоци од АП – Битола | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Основен суд** | **I.** На кој начин, под кои услови и преку каква постапка Судот поставува бранители по службена должност, односно бранители кога одбраната е задолжителна? | **II.** Дали Судот овозможува избор на адвокат за бранител од листата на адвокати од адвокатска заедница и од која, или адвокатите се поставуваат од листа на адвокати која ја составува и ажурира Судот или друг правосуден орган? | **IV.** Врз основа на кој тарифник, внатрешен правилник или друг правен акт се врши исплаќањето од Буџетот на РМ на бранителите поставени по службена должност? | **V.** Дали надоместокот за бранителите поставени по службена должност се исплатува редовно и навремено? Доколку исплатата е со задоцнување, кој е просечниот период по кој бранителите поставени по службена должност го добиваат надоместокот? | **VI.** Дали во Судот постои пишан акт или судска пракса врз основа на кои се врши проверка на компетентноста на поставениот бранител? Доколку постои, кои се правилата за замена на бранител за кој Судот утврдил дека е некомпетентен? |
| **Битола** | Адвокати по службена должност се поставуваат од страна на претседателот на судот. | Судот поставува адвокати за бранители по службена должност од Листата на адвокати кои се пријавиле во Адвокатската заедница на Битола. | Исплата на надомест за одбрана по службена должност се врши согласно адвокатскиот тарифник по претходно доставен трошковник и спроведена проверка на трошковникот од страна на судечкиот судија. | Надоместокот на анагжираните адвокати по службена должност во ОС Битола се исплаќа со задоцнување, но не повеќе од 1(една) година. | Во судот не постои пишан акт врз основа на кој се врши проверка на компетентноста на поставениот бранител. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Крушево** | Адвокати по службена должност се поставуваат од страна на претседателот на судот. | Судот води и ажурира своја листа на адвокати по службена должност. | Ангажираните бранители по службена должност се исплаќаат согласно Адвокатската тарифа. | Задоцнувањето на надоместокот за бранителите во практиката на ОС Крушево е 3 месеци. | Во судот не постои пишан акт или правнилник врз основа на кој се врши проверка на компететноста на поставениот бранител. |
| **Ресен** | Адвокати по службена должност се поставуваат од страна на претседателот на судот. | Судот определува бранител од листата на адвокати – доставена од Адвокатска заедница – Ресен во која се запишани сите адвокати со седиште на подрачјето на овој суд. | Надоместокот на адвокатите по службена должност се исплаќа согласно Адвокатскиот тарифник. | Исплатата зависи од расположливите средства одобрени за судот од Судскиот буџетски совет. | Во судот не постои пишан акт или правнилник врз основа на кој се врши проверка на компететноста на поставениот бранител. |
| **Прилеп** | Адвокати по службена должност се поставуваат од страна на претседателот на судот. | Судот води своја листа на адвокати која се ажурира еднаш годишно. Листата судот ја изготвува врз основа на Имeникот на адвокати со подрачје на судот. Адвокатите се назначуваат по принципот на ротација. | Надоместокот на ангажираните адвокати по службена должност се определува согласно адвокатскиот тарифник. | Надоместокот се исплатува согласно приливот на средства за оваа ставка од Судскиот буџетски совет. | Во судот не постои пишан акт или правнилник врз основа на кој се врши проверка на компететноста на поставениот бранител. |
| **Охрид** | Судот нема доставено податоци. | Судот нема доставено податоци | Судот нема доставено податоци | Судот нема доставено податоци | Судот нема доставено податоци |
| **Струга** | Адвокати по службена должност се | Листата на адвокати на подрачјето на ОС Струга се води во судот | Исплаќањето на бранителите кои се поставени по службена | Надоместокот не се исплаќа редовно, туку тоа зависи од | Во судот не постои пишан акт или правнилник врз основа на кој се врши |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | поставуваат од страна на претседателот на судот. | и се ажурира од АКРМ. | должност се врши согласно ЗКП и Тарифата за награда и надоместок за работа на адвокатите. | состојбата на буџетските средства по оваа ставка. Во практиката бранителите надоместокот го добиваат во просечен период од 4 (четири) месеци. | проверка на компететноста на поставениот бранител. |

Дадените одговори на судовите од апелационото подрачје – Битола, во однос на прашање бр. 1 и бр.6 се идентични со дадените одговори од судовите од скопското апелациско подрачје. Резултатите укажуваа дека и во овие судови адвокатите по службена должност се поставени од страна на претседателот на судот. Понатаму резултатите укажуваат дека во овие судови нема унифициран систем во кој би се регистрирале законските застапници, па така секој суд има сопствена листа на што е составена по различна основа. На подрачјето на **основниот суд во Битола**, судот поставува адвокати за бранители по службена должност од Листата на адвокати – доставена до судот од Адвокатската заедница на Битола. Во однос на исплата на адвокатите сите се исплаќаат според Адвокатскиот тарифник, а по претходно доставен трошковник од страна на адвокататот по службена должност, кој подлежи на дополнителна проверка од страна на судечкиот судија во тој конкретен предмет. Надоместокот на адвокатите ангажирани по службена должност се исплаќа со задоцнување, но не повеќе од 1)една) година. На подрачјето на **ОС Крушево** судот поставува адвокати за бранители по службена должност од листата на регистрирани адвокати на подрачјето на судот, што ја води претседателот на судот. Адвокатите назначи за одбрана по службена должност се исплатени согласно Адвокатскиот тарифник, со задоцнување на надоместокот за одбраната по службена должност од најмногу 3 месеци. На подрачјето на **ОС Ресен**, адвокатите за одбрана по службена должност се избираат од страна на претседателот на судот од листата на адвокати со седиште на подрачјето на судот. Листата е доставена до судот од Адвокатската заедница во Ресен. Надоместок за одбараната по службена должност на адвокатите се исплаќа согласно одредбите од Адвокатскиот тарифник, со претходно донесено решение од судечкиот судија за конкретниот предмет. Надоместокот на адвокатите за одбрана по службена должност се исплаќа со задоцнување (колку време трае заедоцнувањето – не е наведен податок). На подрачјето на **основниот суд во Прилеп**, судот води и ажурира своја листа на адвокати за одбрана по службена должност, од адвокатите со седиште на подрачјето на судот, а адвокатите за одбрана по службена должност се поставуваат од страна на претседателот на судот. Адвокатите се бираат по принципот на ротација по азбучен ред. Исплаќањето на адвокатите за одбрана по службена должност се врши по Адвокатскиот тарифник и без задоцнување. Сите адвокати за одбрана по службена должност биле ангажирани согласно чл. 74 од ЗКП, а ниту еден по основ на член 75 – одбрана за сиромашни од ЗКП. Во **основниот суд во Струга**, бранителите по службена должност се поставуваат од редот на адвокатите запишани во имeникот на Адвокатската комора со седиште на подрачјето на овој суд. Судот ја ажурира листата на бранители по службена должност согласно добиените податоци за адвокатите со седиште на подрачјето на судот од страна на Адвокатската комора. Исплаќање на надоместокот на бранителите по службена должност се врши според Адвокатскиот тарифник, а надоместокот не се исплаќа редовно, туку со закаснување од 4 месеци согласно состојбата на буџетските средства по оваа ставка.

Во однос на одговорите на прашањето 3 од прашалникот, а во врска со бројот на адвокати што се запишани на листата, колку од нив биле ангажирани во текот на 2015г., во колку предмети биле ангажирани и колку биле ангажирани кога одбраната била задолжителна, а колку затоа што обвинетиот бил сиромашен, одговорите се прикажани во графиконот 2.




На подрачјето на ОС Битола за 2015 година биле вкупно запишани 68 адвокати по службена должност. Од нив 58 адвокати биле ангажирани по службена должност по основ на чл. 74 од ЗКП. Нема доставено податок во врска со бројот на предмети, каде тие адвокати биле ангажирани, од страна на судот. Сите адвокати биле ангажирани по основ на задолжителна одбрана односно (чл.74 ЗКП), а ниту еден не е ангажиран по основ на сиромашко право (чл. 75 ЗКП). Листата што ОС Крушево ја води за адвокати по службена должност, за 2015 година брои вкупно 3 адвокати, од кои двајца биле ангажирани во два предмета, врз основа на чл. 74 од ЗКП (Задолжителна одбрана). Ниту еден адвокат не е ангажиран по основ на одбрана за сиромашни, односно (чл. 75 ЗКП). Во ОС Ресен, за 2015 година вкупно се запишани 9 адвокати по службена должност. Во текот на 2015 година се ангажирани само двајца адвокати во три предмети. Сите адвокати биле ангажирани по основ на задолжителна одбрана (чл. 74 ЗКП), а ниту еден по основ на сиромашко право. Судот во Прилеп, води своја листа на адвокати по службена должност на која вкупно се запишани 67 адвокати, кои во 2015 година биле ангажирани во вкупно 70 предмети, а по основ на задолжителна одбрана од чл. 74 од ЗКП. НЕма ниту еден случај по основ на одбрана за сиромашни. Судот во Охрид, не достави никакви податоци во однос на барањето, со образложение дека судот не е надлежен за достава на овие податоци и за тоа е потребно да ги побараме истите преку Судскиот совет на РМ. На листата а адвокати по службена должност што ја води основниот суд во Струга вкупно се запишани 36 адвокати од Адвокатскиот именик, сите со седиште на подрачјето на Општина Струга. Од нив 34

адвокати биле ангажирани во 2015 година по основ на задолжителна одбрана од чл. 74 ЗКП. Податоци за бројот на предмети во кои биле ангажирани не беа доставени.

### *2.4. Анализа на резултатите од Апелациско подрачје – Гостивар*

Од Апелациското подрачје – Гостивар, беа анализирани добиените податоци од основните судови во Гостивар, Кичево, Дебар, и Тетово. Во табелата 3 сумарно се прикажани обаботените податоци од прашањата 1,2,4,5,6 од барањето за пристап до информации од јавен карактер.

| **Анализа на собраните податоци од АП – Гостивар** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Основен суд** | **I.** На кој начин, под кои услови и преку каква постапка Судот поставува бранители по службена должност, односно бранители кога одбраната е задолжителна? | **II.** Дали Судот овозможува избор на адвокат за бранител од листата на адвокати од адвокатска заедница и од која, или адвокатите се поставуваат од листа на адвокати која ја составува и ажурира Судот или друг правосуден орган? | **IV.** Врз основа на кој тарифник, внатрешен правилник или друг правен акт се врши исплаќањето од Буџетот на РМ на бранителите поставени по службена должност? | **V.** Дали надоместокот за бранителите поставени по службена должност се исплатува редовно и навремено? Доколку исплатата е со задоцнување, кој е просечниот период по кој бранителите поставени по службена должност го добиваат надоместокот? | **VI.** Дали во Судот постои пишан акт или судска пракса врз основа на кои се врши проверка на компетентноста на поставениот бранител? Доколку постои, кои се правилата за замена на бранител за кој Судот утврдил дека е некомпетентен? |
| **Гостивар** | Адвокати по службена должност се поставуваат од страна на претседателот на судот. | Судот определува бранител по службена должност од листата на адвокати на адвокатската заедница на Гостивар. | Исплаќањето на надоместоците за задолжителна одбрана се врши по тарифата определена во адвокатскиот тарифник. | Надоместокот за бранителите назначени по службена должност се исплаќа редовно. | Во судот не постои пишан акт врз основа на кој се врши проверка на компетентноста на поставениот бранител. |
| **Кичево** | Адвокати по службена должност се | Листата на адвокати се води во судот и се составува по предлог на | Исплаќањето на бранителите по службена должност го одредува | Бранителите поставени по службена должност не се исплатуваат | Во судот не постои пишан акт или правнилник врз основа на кој се врши |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | поставуваат од страна на претседателот на судот. | адвокатската заедница. | судијата кој постапува по конкретниот предмет. | редовно и навреме. | проверка на компететноста на поставениот бранител. |
| **Дебар** | Адвокати по службена должност се поставуваат од страна на претседателот на судот. | Судот води евиденција на адвокати од подрачјето на ОС Дебар, имајќи ја во предвид правичната застапеност на адвокатите. | Надоместокот на адвокатите назначени по службена должност се исплатува согласно адвокатската тарифа. | Надоместокот се исплатува редовно. | Во судот не постои пишан акт или правнилник врз основа на кој се врши проверка на компететноста на поставениот бранител. |
| **Тетово** | Адвокати по службена должност се поставуваат од страна на претседателот на судот. | Судот води и ажурира своја листа на адвокати о службена должност. | Надоместокот на адвокатите по лужбена должност се врши соглано адвокатската тарифа. | Исплатата на андоместок на адвокатите по службена должност се врши со адоцнување во просек над 1(една) година. | Во судот не постои пишан акт или правнилник врз основа на кој се врши проверка на компететноста на поставениот бранител. |

Дадените одговори на судовите од Апелационото подрачје – Гостивар, во однос на прашањата бр. 1 и 6 се идентични со дадените одговори од судовите од претходните две апелациони подрачја. Резултатите укажуваа дека и во овие судови адвокатите по службена должност се поставени од страна на претседателот на судот. Понатаму резултатите укажуваат дека во овие судови нема унифициран систем во кој би се регистрирале законските застапници, па така секој суд има сопствена листа на што е составена по различна основа. Во однос на проверка на компетентноста на поставениот бранител, во овие судови не постојат пишани акти, ниту правилници за проверка на квалитетот на одбраната на поставениот бранител по службена должност. На подрачјето на **основниот суд во Гостивар,** судот ги избира исклучиво адвокатите за одбрана по службена должност по редослед од листата доставена до судот од страна на Адвокатската заедница на Гостивар. Од овој список евентуално и се дозволува на странката да изврши избор на адвокат кој што сака да ја застапува. Исплаќањето а адвокатите за одбрана по службена должност се врши врз основа на Адвокатскиот тарифник, а во однос на редовноста на надоместокот за одбрана по службена должност, тој се исплаќа редовно, доколку од страна на судечкиот судија биде доставено решение до благајната на судот. Сите случаи на ангажиран бранител по службена должност се случаи на задолжителна одбрана согласно чл. 74 од ЗКП. Ниту еден бранител во 2015 година не бил ангажиран врз основа на сиромашко право. На подрачјето на **основниот суд во Кичево** е особено интересно да се напомени дека листата на адвокати за одбрана по службена должност се составува по предлог на Адвокатската заедница на Кичево. Во однос на висината на надоместокот за одбрана по службена должност одлучува судечкиот судија кој постапувал по тој конкретен предмет, а исплата не се извршува навремено и редовно веќе подолг период. Сите случаи на ангажиран бранител по

службена должност се случаи на задолжителна одбрана согласно чл. 74 од ЗКП. Ниту еден бранител во 2015 година не бил ангажиран врз основа на сиромашко право. На подрачјето на **ОС Дебар** судот води и ажурира своја листа на адвокати со седиште на подрачјето на судот, а притоа се има во предвид правичната застапеност при определување на бранител по службена должност. Износот на надоместокот за ангажираниот бранител по службена должност се пресметува согласно Адвокатската тарифа и се исплатува редовно. Сите случаи на ангажиран бранител по службена должност се случаи на задолжителна одбрана согласно чл. 74 од ЗКП. Ниту еден бранител во 2015 година не бил ангажиран врз основа на сиромашко право. На подрачјето на **ОС Тетово**, судот поставува адвокати за одбрана по службена должност од листата на адвокати за подрачјето на овој суд. Листата се води и ажурира во самиот суд. Надоместокот за одбрана о службена должност се пресметува согласно Адвокатската тарифа, а исплатата на истиот се врши со задоцнување во просек над една година. Во однос на одговорите на прашањето 3 од прашалникот, а во врска со бројот на адвокати што се запишани на листата, колку од нив биле ангажирани во текот на 2015г., во колку предмети биле ангажирани и колку биле ангажирани кога одбраната била задолжителна, а колку затоа што обвинетиот бил сиромашен, одговорите се прикажани во графиконот 3.




На подрачјето на **ОС Гостивар**, вкупно се регистрирани 69 адвокати за одбрана по службена должност. Од нив 19 адвокати биле ангажирани во текот на 2015 година по основ на задолжителна одбрана од чл. 74 од ЗКП. Податок во колку предмети биле ангажирани не е доставен од страна на судот. Особено интересен е податокот од подрачјето на **ОС Кичево**, каде на листата на адвокати за одбрана по службена должност е регистриран само 1(еден) адвокат, кој во текот на 2015 година постапувал во вкупно 26 предмети по основ на задолжителна одбрана од членот 74 од ЗКП. На подрачјето на **ОС Дебар** вкупно се регистрирани 4 адвокати, кои во текот на 2015 година постапувале во вкупно 11 предмети по основ на

задолжителна одбрана од чл. 74 ЗКП.  На подрачјето на **ОС Тетово**, вкупно се регистрирани 59 адвокати за одбрана по службена должност. Од нив во 2015 година биле ангажирани 54 адвокати во 58 предмети по основ на задолжителна одбрана од чл. 74 ЗКП.

### *2.5. Анализа на резултатите од Апелациско подрачје – Штип*

Од Апелациското подрачје – Штип, беа анализирани добиените податоци од основните судови во Штип, Берово, Виница, Делчево, Радовиш, Кочани и Струмица. Во табелата бр. 4 сумарно се прикажани обаботените податоци од прашањата 1,2,4,5,6 од барањето за пристап до информации од јавен карактер. Прашањето број 3 е анализирано детелано подолу.

| **Апелациско подрачје - Штип** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Основен суд** | **I.** На кој начин, под кои услови и преку каква постапка Судот поставува бранители по службена должност, односно бранители кога одбраната е задолжителна? | **II.** Дали Судот овозможува избор на адвокат за бранител од листата на адвокати од адвокатска заедница и од која, или адвокатите се поставуваат од листа на адвокати која ја составува и ажурира Судот или друг правосуден орган? | **IV.** Врз основа на кој тарифник, внатрешен правилник или друг правен акт се врши исплаќањето од Буџетот на РМ на бранителите поставени по службена должност? | **V.** Дали надоместокот за бранителите поставени по службена должност се исплатува редовно и навремено? Доколку исплатата е со задоцнување, кој е просечниот период по кој бранителите поставени по службена должност го добиваат надоместокот? | **VI.** Дали во Судот постои пишан акт или судска пракса врз основа на кои се врши проверка на компетентноста на поставениот бранител? Доколку постои, кои се правилата за замена на бранител за кој Судот утврдил дека е некомпетентен? |
| **Штип** | Адвокати по службена должност се поставуваат од страна на претседателот на судот. | Судот составува и ажурира своја листа на адвокати по службена должност. Поставувањето се врши редоследно. | Судот нема доставено податок | Исплатата на бранителите по службена должност се врши во висина од 50% од наградата предвидена во адвокатската тарифа. | Во судот не постои пишан акт врз основа на кој се врши проверка на компетентноста на поставениот бранител. |
| **Берово** | Адвокати по службена должност се поставуваат од | Во текот на 2015 година не бил поставен ниту еден бранител по службена должност, | Во 2015 година нема ниту еден бранител назначен по службена должност, а плаќањето на адвокатите | Судот нема доставено податок | Во судот не постои пишан акт или правнилник врз основа на кој се врши проверка на компететноста |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | страна на претседателот на судот. | ниту е вршена исплата на надоместок за бранител по службена должност. | назначени по службена должност се врши согласно адвокатската тарифа. | | на поставениот бранител. |
| **Виница** | Адвокати по службена должност се поставуваат од страна на претседателот на судот. | Адвокатите се назначуваат од листата на постојните адвокати во судот, составена од Адвокатската заедница на Виница, водејќи сметка за еднаков третман при назначувањето на бранител по службена должност. | Исплаќањето на адвокатите назначени по службена должност се врши согласно адвокатската тарифа. | Редовноста и навременоста за исплаќање на средствата по основ на одбрана по службена должност се врши редовно и навремено. | Во судот не постои пишан акт или правнилник врз основа на кој се врши проверка на компететноста на поставениот бранител. |
| **Делчево** | Адвокати по службена должност се поставуваат од страна на претседателот на судот. | Судот води своја листа на пријавени адвокати по службена должност. | Адвокатите се исплаќаат по тарифникот за судски такси. Во судот нема донесен посебен правилник за исплаќање на бранители назначени по службена должност. | Надоместокот на бранителите по службена должност се исплаќа во зависност од динамиката на доставените средства од Судскиот буџетски совет. | Во судот не постои пишан акт или правнилник врз основа на кој се врши проверка на компететноста на поставениот бранител. |
| **Радовиш** | Адвокати по службена должност се поставуваат од страна на претседателот на судот. | Судот избира адвокати по службена должност од листата на адвокати по службена должност доставена од страна на АКРМ. | Надоместокот за ангажираните адвокати по службена должност се исплаќа врз основа на постигнат договор со Адвокатската заедница на Радовиш. | Надоместокот на бранителите се исплаќа во зависност од приливот на финансиски средства од Судскиот буџетски совет. | Во судот не постои пишан акт или правнилник врз основа на кој се врши проверка на компететноста на поставениот бранител. |
| | Адвокати по | Адвокатите по | Исплаќање на трошоците на | Исплатата на | Во судот не постои пишан |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Кочани** | службена должност се поставуваат од страна на претседателот на судот. | службена должност се определуваат од листата на адвокати по службена должност на судот, доставена од страна на адвокатската заедница. | адвокатите поставени по службена должност се врши согласно Адвокатската тарифа. | бранителите поставени по службена должност се врши редовно и навремено. | акт или правнилник врз основа на кој се врши проверка на компететноста на поставениот бранител. |
| **Струмица** | Адвокати по службена должност се поставуваат од страна на претседателот на судот. | Пред поставувањето на бранител по службена должност на обвинетиот му се предочува листата на запишани адвокати на Струмица од Адвокатскиот именик, а ако обвинетиот иа живеалиште во Радовиш и листата на адвокати од овој град. Судот не составува посебна листа на адвокати. | Не постои внатрешен Правилник или друг правен акт за вршење на исплата на поставените бранители по службена должност. Адвокатите доставуваат до судот трошковник составен согласно адвокатската тарифа. | Исплатата на надоместокот на бранителите по службена должност се врши со задоцнување од неколку месеци. | Во судот не постои пишан акт или правнилник врз основа на кој се врши проверка на компететноста на поставениот бранител. |

Дадените одговори на судовите од Апелациското подрачје – Штип, во однос на прашањата бр. 1 и 6 се идентични со дадените одговори од судовите од претходните три апелациски подрачја. Резултатите укажуваа дека и во овие судови адвокатите по службена должност се поставени од страна на претседателот на судот. Понатаму резултатите укажуваат дека во овие судови нема унифициран систем во кој би се регистрирале законските застапници, па така секој суд има сопствена листа на што е составена по различна основа. Во однос на проверка на компетентноста на поставениот бранител, во овие судови не постојат пишани акти, ниту правилници за проверка на квалитетот на одбраната на поставениот бранител по службена должност. На Подрачјето на **ОС Штип**, бранителите по службена должност ги поставува претседателот на удот според листата на адвокати која се составува и ажурира од судот. Поставувањето на адвокатите се врши редоследно (по принцип на ротација). Во листата на адвокати за одбрана по службена должност се заедени сите адвокати на подрачјето на судот. Исплатата на бранителите по службена должност се врши во висина од 50% од наградата предвидена во Адвокатската тарифа, а редовноста на исплатата зависи од одобрувањето на средствата преку Судскиот буџетски совет. На подрачјето на **ОС Берово**, судот води и ажурира своја листа на адвокати за одбрана по службена должност. Во однос на исплата на надоместокот за

бранителите по службена должност истиот се врши редовно и се пресметува согласно Адвокатската тарифа. На подрачјето на **ОС Виница**, адвокатите за одбрана по службена должност се назначуваат од листата на адвокати со седиште на подрачјето на судот. Листата за бранители по службена должност ја води и ажурира судот еднаш годишно. Во однос на исплата на надоместокот за бранителите поставени по службена должност, истиот се пресметува согласно Адвокатската тарифа и се исплаќа редовно. На подрачјето на **ОС Делчево**, судот води листа на адвокати по службена должност, која се ажурира еднаш годишно. Изборот на адвокати за одбрана по службена должност се врши од редот на адвокати кои имаат седиште на подрачјето на судот, односно седиште во Општина Делчево и Општина М. Каменица. Надоместокот за одбрана по службена должност се пресметува согласно Адвокатската тарифа, а редовноста зависи од приливот на расположливи средства за оваа намена од страна на Судскиот буџетски совет. **Основниот суд во Радовиш** води и ажурира своја листа која се надополнува од листа за бранители по службена должност испратена од Адвокатската комора на РМ. Надоместокот за одбраната по службена должност се исплатува врз основа на постигнат договор со Адвокатската заедница на Радовиш, за со цел да не се оптеретува Буџетот на РМ во однос на оваа ставка. Надоместокот се исплаќа во повеќето случаи редовно, но иа практика на задоцнување од 30 до 60 дена, во зависност од приливот на финансиски средства. На подрачјето на **ОС Кочани**, претседателот на судот избира адвокат од листата на адвокати за одбрана по службена должност, доставена од Адвокатката заедница на Кочани. Пресметувањето на надоместокот и исплаќањето на бранителите по службена должност се врши согласно Адвокатската тарифа, исплатата е редовна. Н подрачјето на **ОС Струмица**, со исклучок на став 3 и 5 од членот 74 од ЗКП пре поставувањето на бранител по службена должност на обвинетиот му се предочува листата на запишани адвокати од Струмица од адвокатскиот именик, а ако обвинетиот има живеалиште во Радовиш тогаш и листата на адвокати за овој град. Меѓутоа за да се избегнат поголеми трошоци на обвинетите со живеалиште во други градови, најчесто им се поставува бранител по службена должност од листата на адвокати со седиште во Струмица. Судот не составува и не ажурира своја листа на авокати. За ставовите 3 и 5 кога на обвинетиот му се суди во отсуство, претседателот на судот определува бранител по службена должност од листата на адвокатскиот именик, со седиште во Струмица. Исплата на надоместокот за одбрана по службена должност за 2015 година се исплаќаат со задоцнување од 6 месеци. Пресметката се врши по претходно доставен трошковник од страна на назначениот бранител по службена должност и претходна проверка на тој трошковник со трошоците предвидени во Адвокатскиот тарифник од страна на судечкиот совет, по што се доставува Налог за исплата на бранителот по службена должност.

Во однос на одговорите на прашањето 3 од прашалникот, а во врска со бројот на адвокати што се запишани на листата, колку од нив биле ангажирани во текот на 2015г., во колку предмети биле ангажирани и колку биле ангажирани кога одбраната била задолжителна, а колку затоа што обвинетиот бил сиромашен, одговорите се прикажани во графиконот бр. 4.




*Судот во Св. Николе не достави одговор на барањето за пристап до информации од јавен карактер.

На подрачјето на **ОС Штип** вкупно се регистрирани 75 адвокати, кои во текот на 2015 година биле ангажирани во вкупно 95 предмети по основ на одбрана по службена должност согласно чл. 74 од ЗКП. Согласно добиените податоци од **ОС Берово**, неа податоци колкав е бројот на запишани бранители по основ на службена одбрана. Исто така во текот на 2015 година не бил ангажиран бранител по службена должност, ниту е вршена исплата на надоместок за бранител по службена должност од причина што во судот во најголема мера се работи за предмети од приватни кривични тужби. На подрачјето на **ОС Виница**, се запишани вкупно 9 адвокати, а во текот на 2015 година назначен е само еден адвокат по службена должност во еден предмет, по основ на член 74 од ЗКП. На листата на адвокати за одбрана по службена должност на подрачјето на **ОС Делчево**, се запишани вкупно 10 адвокати од кои: 8 адвокати со седиште на Општина Делчево, а 2-јца адвокати со седиште во Општина М.Каменица. Во 2015 година, биле ангажирани само 6 адвокати за одбрана по службена должност по член 74 од ЗКП. **Во судот во Радовиш** на листата на адвокати по службена должност има запишано вкупно 3 адвокати, кои биле ангажирани во вкупно 18 предмети во текот на 2015 година по основ на чл. 74 од ЗКП. На подрачјето на судот во **Кочани**, запишани се вкупно 37 адвокати, кои сите биле ангажирани по редослед по основ на чл. 74 од ЗКП. Меѓутоа не е доставен податок во колку вкупно предмети, адвокатите беа ангажирани. На подрачјето на **ОС Струмица**, се запишани вкупно 95 адвокати од кои 76 адвокати се со седиште во Струмица, а 19 адвокати се со седиште во Радовиш. Во текот на 2015 година вкупно 33 адвокати биле ангажирани во вкупно 82 предмети, што значи дека исти адвокати биле ангажирани повеќе пати како бранители по службена должност на обвинети во различни предмети. Сите ангажирани адвокати биле ангажирани по основ на чл. 74 од ЗКП, а ниту еден не е ангажиран по основ на сиромашна одбрана согласно чл. 75 од ЗКП.

**ЗАКЛУЧОК**

Постојната пракса е оптоварена со немање јасни правила за назначување на застапници по службена должност, сериозен недостаток на капацитет и посветеност кај застапниците и сплет на практични решенија што се различни од еден суд до друг. Невоедначената пракса создава корупција и го разјадува целиот систем. Практичната последица на ова е загрозување на правото на правично судење. Според резултатите од истражување, во 2015 годинна пред судовите во РМ, не постојат случаи во кои се обезбедува правна поддршка за луѓе без финансиски средства, што јасно покажува дека луѓето не се информирани или запознаени со своите права. Овој факт го продлабочува јазот во општеството и ги става сиромашните во нееднаква положба пред законот. Кога станува збор за системот на правна помош за сиромашните, се упатува а тоа дека тој е лошо регулиран, и како резултат на ова значително заостанува зад општиот систем на бесплатна правна помош од ЗБПП што е организиран врз основа на јасни критериуми со посебен закон, но кој не важи за кривичната постапка.
Постои општо незадоволство од севкупната слаба имплементација на системот  Назначувањето на застапниците, вклучувајќи ги и листите и сите други компоненти, треба да биде одговорност на Адвокатската комора. На овој орган му е потребно дополнително да ги развие своите капацитети и својата улога во постапките. Затоа потребно е донесување на нови прописи во рамките на АКРМ со јасни правила и процедури за назначување на адвокати по службена должност; Понатаму пристапување кон изедначување на правилата за назначување на адвокати по службена должност во сите судови од четирите апелациски региони и ажурирање на листите за сите правни застапници по службена должност најмалку еднаш годишно.

**Prof. Gordan Kalajdziev PhD**[23]

**Voislav Stojanovski PhD**[24]

**Andrej Bozhinovski LL.M**[25]

## ANALYSIS ON STRENGTHENING THE POSSIBILITIES FOR MANDATORY DEFENSE IN CRIMINAL PROCEEDINGS

**1.01 Original Scientific Article**
**UDK**

**Summary**

This research aims to present facts and offer a solutions to improve the system of mandatory defense and indigent defence in terms of article 74 and 75 of the LCP. The paper refers to several key subject of research, and they are: the appointment of ex officio lawyers, method of payment of ex officio lawyers, establishment of a system of measurable criteria for competence set counsels ex officio. Each of these topics is important to reform the entire system for providing security to the people indicted and who need legal support.

**Key words:** mandatory defense, indigent defense, criminal proceedings

[23] Professor at the Faculty of Law "Iustinianus Primus" – Skopje, President of the Macedonian Helsinki Committee
[24] Legal Advisor at the Macedonian Helsinki Committee
[25] Legal Assistant at the Macedonian Association for Criminal Law and Criminology